РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 - 1626/161
10 -12- 2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 55 -та седница одржана на ден 16.11.2021 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 1626/1 од 19.04.2021 година, оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК постапувајќи согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и од утврдената фактичка состојба за предметниот случај усвојува препораки за надминување на констатираните ризици и неправилности од предметната област.

До Државниот завод за ревизија, Министерството за правда и Агенцијата за млади и спорт, да се доставaт препораките произлезени од надлежното постапување на ДКСК.

Предметот со број 12-1626/1 од 19.04.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12 - 1626/1 од 19.04.2021 е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, по заклучок на состанок на колегиум одржан на ден 19.04.2021 година, а по допрен глас во врска со наводи за сомнежи за злоупотреба при издавање и користење на ваучери на националаните спортски федерации, спортски клубови, спортисти и други правни лица, како и за сомневање за незаконски дејствија преземени од лица вклучени во реализација на доделување на ваучери во спортот.

Постапувајќи по предметот, а со цел да се провери транспарентноста, отчетноста и контролата над доделувањето и користењето на средствата од даночното ослободување по Законот за данокот на добивка, ДКСК побара информации и податоци од Агенцијата за млади и спорт (АМС) и Националните спортски федерации по однос на доделените ваучери и утврдените обврски од Законот за спорт.

При разгледувањето на предметот, од добиените одговори но и од увидот на самата доставена документација, констатирано е следново:

- Директорот на АМС нема пропишано форма и содржина на Извештаите за Националните спортски федерации и правните лица кои имаат решение за вршење дејност спорт како корисници на средства од даночното ослободување во кои треба да прикажат колку средства примиле за претходната година, од кого примиле средства по оваа основа и за кои намени се истите потрошени, како и формата и содржината на извештаите на сите спортски клубови и активни спортисти корисници на средства од даночното ослободување, што е законска обврска согласно член 14-е од Законот за спорт.
- Од доставените одговори на Националните спортски федерации може да се увиди дека извештајноста во услови на немање на унифициран образец се сведува на волунтаризам во известувањето во однос на формата, а прикажаните податоци се нејасни и недоволни.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk